**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерство за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев " бр. 14 - Скопје, телефон за контакт: 02/3254 170 електронска адреса: mihajlo.mihajlovski@finance.gov.mk контакт лице: Михајло Михајловски, има потреба од набавка на следнава услуга:

Креирање и реализација на медиумска кампања за промоција на откупот на градежно земјиште по цена од 1 (едно) евро за метар квадратен.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка на наведената услуга со отворена постапка, во согласност со член 64 став 1 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр. 136/2007 и бр.130/2008), за што го објави огласот бр. 03/2010.

Ги покануваме сите заинтересирани економски оператори да достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 25.05.2010 година во 12,00 часот по пошта на горната адреса или лично со поднесување во писарницата на договорниот орган.

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Молиме при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци, кои се составен дел на тендерската документација.

Тендерската документација може да се добие со праќање на барање на е-пошта: mihajlo.mihajlovski@finance.gov.mk. По добивањето на тендерската документација економските оператори треба да го потврдат приемот на тендерската документација на истата електронска адреса.

Тендерската документација може да се подигне без надоместок.

Само економските оператори што го потврдиле приемот на тендерската документација имаат право да достават понуда по огласот за отворената постапка.

Тендерската документација е достапна на македонски јазик.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на 25.05.2010 година, во 12, 00 часот, во просториите на Министерството за финансии на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" бб (поранешна НИП Нова Македонија) кат 1, сала за состаноци.

Заедно со понудата, задолжително се доставува банкарска гаранција на понудата во износ од 3% од вкупната вредност на понудата.

Однапред благодариме на соработката.

**Комисија за јавни набавки**
**Претседател,**
**Гордана Сусулеска - Итиќ**

**Скопје, ____.03.2010 година**